# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ



| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 31.1.2023 година<br>Скопје<br>Број 1 год. XVIII | Претплатата за 2022 год. износува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk

јануари, 2023 година

# С О Д Р Ж И Н А

Ст.

- Одлука за избор на командир на Полициската станица од општа надлежност „Центар"-Скопје, со Решение за објавување ........ 1 - 2

- Одлука за именување член на Управниот одбор на установа од областа на културата „Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО, со Решение за објавување ........ 3 - 4

- Одлука за донесување Техничка исправка за ГП 4.5.6 во Деталниот урбанистички план Централно градско подрачје на град Скопје - Мал Ринг, изменување и дополнување, Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........ 5 - 6

- Програма и акционен план на Комисијата за еднакви Можности на жените и мажите за 2023 година, со Решение за објавување ........ 7 - 13

- Јавни објави ........ 14 - 22

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за избор на командир на Полициската станица од општа надлежност „Центар“- Скопје**

Се објавува Одлуката за избор на командир на Полициската станица од општа надлежност „Центар“- Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 19. седница, одржана на 31.1.2023 година.

Бр. 09-454/3
31.1.2023 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 24 став 3 од Законот за полицијата („Службен весник на РМ" бр. 114/06; 6/09; 145/12; 41/14; 33/15; 31/16/; 106/16; 120/16; 21/18 и 64/18), ,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 294/21 и 89/22 член 36 став 1 точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06, 12/15, 9/19, 14,19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 19. седница, одржана на 31.1.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на командир на Полициската станица**
**од општа надлежност „Центар"- Скопје**

**Член 1**

Игор Стаменковски, државјанин на Република Северна Македонија, се избира за командир на Полициската станица од општа надлежност „Центар"-Скопје.

**Член 2**

Оваа Одлука да се достави до Полициската станица од општа надлежност „Центар" - Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Број 08-454/2
31.1.2023 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАВАЧ
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за именување членови на Управниот одбор на установа од областа на културата „Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО**

Се објавува Решението за именување членови на Управниот одбор на установа од областа на културата „Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 19. седница, одржана на 31.1.2023 година.

Бр. 09-454/5
31.1.2023 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на членовите 26, 52, 53 и 54 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06, 12/15, 9/19, 14,19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 19. седница, одржана на 31.1.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови на Управниот одбор на установа од областа на културата „Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО**

1. За членови на Управниот одбор на установа од областа на културата „Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО се именуваат

   1. Ѓорги Пулевски
   2. Јана Коцевска
   3. Нела Витошевиќ

2. Ова Решение стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Број 08-454/4
31.1.2023 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАВАЧ
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување Техничка исправка за ГП 4.5.6 во Деталниот урбанистички план Централно градско подрачје на град Скопје-Мал Ринг, изменување и дополнување, Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување Техничка исправка за ГП 4.5.6 во Деталниот урбанистички план Централно градско подрачје на град Скопје-Мал Ринг, изменување и дополнување, Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 19. седница, одржана на 31.1.2023 година.

Бр. 09-454/7
31.1.2023 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19; 14/19 и 1/21) и член 36 став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20), Советот на Општина Центар-Скопје на 19. седница, одржана на 31.1.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување Техничка исправка за ГП 4.5.6 во Деталниот урбанистички план Централно градско подрачје на град Скопје-Мал Ринг, изменување и дополнување, Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува техничка исправка за **ГП 4.5.6** во Деталниот урбанистички план Централно градско подрачје на град Скопје - Мал Ринг, изменување и дополнување, Општина Центар - Скопје, во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20). Техничката исправка е изработена со технички број 01/2023 од јануари 2023 година од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија Скопје.

**Член 2**

Техничката исправка се врши за ГП 4.5.6 во Деталниот урбанистички план Централно градско подрачје на град Скопје-Мал Ринг, изменување и дополнување, Општина Центар - Скопје, донесен од Советот на Општината со Одлука бр. 07-9816/8 од 21.12.2012 година.

На техничката исправка за ГП 4.5.6 во Деталниот урбанистички план Централно градско подрачје на град Скопје - Мал Ринг, изменување и дополнување, Општина Центар - Скопје, издадено е Мислење бр. 09-263/1 од 16.01.2023 година од Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Центар - Скопје со Решение бр. 09-3068/1 од 2.6.2022 година и претставува составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Со донесувањето на оваа Одлука техничката исправката ќе стане составен дел на Деталниот урбанистички план Централно градско подрачје на град Скопје - Мал Ринг, изменување и дополнување, Општина Центар - Скопје, донесен од Советот на Општината со Одлука бр. 07-9816/8 од 21.12.2012 година и ќе може да се применува во форма на пречистена верзија на планот односно како основниот план во кој е вградена техничката исправка, за којшто важат истите одредби за предавање, објавување, презентирање, преклопување, применување и чување на урбанистички планови.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Број 08-454/6<br>31.1.2023 година<br>С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје<br>ПРЕТСЕДАВАЧ<br>Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2023 година**

Се објавува Програмата на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2023 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 19. седница, одржана на 31.1.2023 година.

Бр. 09-454/9
31.1.2023 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 19. седница, одржана на 31.1.2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**на Комисијата за еднакви можности**
**на жените и мажите за 2023 година**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (во натамошниот текст КЕМ), функционира како постојано работно тело на Советот на Општина Центар-Скопје.
Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е формирана (2009 година) со цел да го промовира родовиот концепт на локално ниво и да го имплементира Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ" бр. 6/12).

## Општа цел

КЕМ се залага за креирање на локални политики и зголемување на свеста кај граѓаните за воспоставување на родово сензитивните политики за еднакви можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, здравствената и во други области од општествениот живот.
Креирање на концептот на родова интеграција при креирањето на локалните политики, подигнување на свеста на граѓаните за родово сензитивните политики преку кои се зголемува еднаквоста на жените и мажите. Создавање институционални услови за промоција и развивање на правата на жените, еднакви можности на жените и мажите во сите области на секојдневното живеење на локално ниво.

## Задачи

Вклучување на родовите перспективи во главните текови, односно интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на политики, при што се има предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените и мажите.
Инклузија на родовата перспектива во процесот на проценување на импликациите за жените и мажите во секоја планирана акција, вклучително и законската легислатива, политиките и програмите, во секоја област и на сите нивоа.
Припадниците на двата пола да станат интегрален дел од дизајнот, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на политиките и на програмите на сите политички, образовни, економски и социјални сфери на локално ниво.

**Форми и облици за реализација на активностите**

- Организирање работилници, трибини и обуки за определени прашања;
- Печатење на информативни флаери;
- Информирање на граѓаните.

**Области на дејствување на КЕМ во 2023 година**

- Препознавање и превенција од насилство меѓу учениците- **Bullying**;
- Анализа и промоција на женско претприемништво;
- Одржување на обуки, семинари и состаноци со советниците и со интерсекторска комисија со експерти (менторот) од UN WOMEN;
- Поддршка на згрижувачки семејства и на еднородителски семејства.

**I. Препознавање и превенција од насилство меѓу учениците-Bullyng**

Сведоци сме на зголемен број случаи на насилство меѓу врсниците и тоа е присутно во училиштата.

Насилството меѓу врсниците, познато како **Bullying,** претставува збир на однесувања со цел да се воспостави контрола над другите преку употреба на сила, закани или намера за злоупотреба или агресивна доминација над другите, застрашување и манипулирање.

Најчести причини за насилство меѓу учениците се: разликите во општествената класа, религијата, полот, сексуалната ориентација, изгледот, однесувањето, силата, големината или способноста како се вршат определени нешта.

Комисијата за еднакви можности, во соработка со професионални предавачи што работат на полето на насилство меѓу врсниците, ќе организира работилници и обуки за наставниците од општинските основни училишта за подигнување на свеста за препознавање и превенција од насилство меѓу учениците.

Наставниците се први што се соочуваат со проблемот со насилството меѓу децата, односно меѓу учениците во општинските основни училишта.

**II. Анализа и промоција на женско претприемништво**

Откако се одржаа обуките за развој на вештини и знаења и учесниците ги добија сертификатите од обуките за: Развој на бизнис идеја и бизнис план, Претприемништво и менаџерски вештини, Дигитален маркетинг, онлајн продажба и употреба на дигитални технологии. Обуките се спроведени како дел од проектот на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија", КЕМ на Општина Центар-Скопје во соработка со UN Women ќе направат анализа со цел да се организира промоција на жените - учеснички на пазарот на трудот.

**III. Обуки и состаноци со членовите на Советот и со интерсекторска група со експерти (менторот) од UN WOMEN за родови статистики**

Во партнерство со UN WOMEN, КЕМ планира да организира обуки и состаноци за родово буџетирање со членовите на Советот, а со интерсекторската група обуки за родово поделени статистики.

При изготвувањето на програмите од секторите и годишниот извештај на секторите, членовите на интерсекторската група ќе бидат обучени да ги вметнат родовите статистички податоци во истите.

**IV. Поддршка на згрижувачки семејства и на еднородителски семејства**

Во Општина Центар – Скопје постојат семејства кои згрижуваат деца-штитеници од Заводот во Демир Капија. Овие деца се со посебни потреби. Тие се со отежнато движење или воопшто не можат да се движат и истите користат пелени и други посебни средства за нормално функционирање. Токму затоа Општината ќе им излезе во пресрет за задоволување и помош на дел од нивните потреби.

Освен згрижувачки семејства, Општина Центар – Скопје ќе им помогне со обезбедување на продукти (облека, средства за хигиена и слично) и на еднородителските семејства кои се во социјален ризик.

## АКЦИОНЕН ПЛАН
## за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите - КЕМ за 2023 година

**Општина**

Општина Центар-Скопје го зафаќа строгото централно подрачје на градот Скопје. Всушност, таа е седиште на најголем број установи што имаат административен, политички, образовен, културен и трговски карактер, но и на станбен дел што е најгусто населен во цела земја. Овде се наоѓаат: Собранието и Владата на Република Македонија со најголемиот број министерства, Собранието на Град Скопје, дел од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Народната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", црквата „Св. Спас", старата скопска тврдина Кале, Градскиот трговски центар, Градскиот парк итн.

Општината се протега на 8 км$^2$. Се наоѓа на просечна надморска висина од 320 м.

Според пописот на населението од 2021 година, вкупниот број жители изнесува 43.893

Според полот, 20.389 или 46,8% се машки, а 23.504 или 53,2% се женски.

Во однос на националната структура, 33.731l лица или 76,8% се Македонци, 2.037 лица или 4,6% се Срби 1.100 лица или 2,5% се Албанци, 548 лица или 1,2% се Турци, 622 лица или 1,4% се Роми, 459 лица или 1% се Власи, , 108 лица или 0,2% се Бошњаци и 1.099 лица или 2,5% се други.(податоците се од последниот попис од 2021 година)

Во 2022 година има 480 живородени деца (заклучно со третиот квартал на Заводот за статистика на РМ).
Општинската администрација има вкупно вработени-115 со Секретар и Градоначалник.
од кои жени-66 и мажи-48,(раководители: жени-16 и мажи-8).
АПВ-привремено вработени:38- 19 жени и 19 мажи (раководители 1 жена и 0 мажи).

Претседателот на Советот и секретарот на Општината се жени.
Општината има осум основни училишта,со 4.730 ученици, (2.330 женски и 2.400 машки), вработени:381 (343 жени и 38 мажи).
Во Општината има три детски градинки со повеќе клонови каде што се згрижени 1931деца (939 жански деца и 992 машки деца), вработени 292 лица (274 жени и 18 мажи).
ЈП „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје има вработени118 од кои 30 жени и 88 мажи
раководители на сектор 4 (1 жена 3 мажи) и раководители на одделение 4 (1 жена 3 мажи),контролори на рампи (8 жени и 9 мажи),самостоен референт за корисници (10 жени и 2 мажи).

**Вовед**

Со одлука на Советот на Општина Центар-Скопје се именувани се 5 членови на КЕМ од ново избраните членови на Советот на Општина Центар-Скопје во мандатниот период 2021-2025 година.
Координаторот и заменик координаторот за еднакви можности на жените и мажите секоја година изготвуваат Програма, Акциски план за наредна година, и годишен извештај за претходната година.

**Приоритетни области на работа**

- Превенција и влијание во намалувањето на семејно насилство;
- Препознавање и превенција од насилство меѓу учениците- Bullying;
- Поддршка на згрижувачки семејства и на еднородителски семејства;
- Промоција и поттикнување на женско претприемништво;
- Одржување на седници на интерсекторска комисија со менторот на UN WOMEN

**Дефинирање на целите**

**Општа цел**

- Воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и во која било друга област од општествениот живот.
- Воспоставувањето на еднакви можности е грижа на целото општество, односно на сите субјекти на јавниот и на приватниот сектор што претставува отстранување на пречките и создавање услови за остварување на целосна еднаквост меѓу жените и мажите.

- **Посебни цели**

- да промовира и да поддржува пристап што води сметка за родовата димензија и за чувствителноста во процесот на донесување одлуки;
- да влијае врз прогресот на родовата еднаквост и антидискриминацијата во локалната заедница и пошироко;
- да ги поттикнува еднаквите можности на жените и мажите за учество на жената во јавниот и во политичкиот живот на заедницата, како значаен аспект за развој на граѓанското општество;
- да создава институционални услови за промоција и за развивање на правата на жените и на човековите права, како и нивно вклучување во активностите за развој на заедницата во сите сфери од општествениот живот.

- **Задачи**

Вклучување на родовата перспектива во процесот на проценување на импликациите за жените и мажите во секоја планирана акција, вклучително и легислативата, политиките и програмите, во секоја област и на сите нивоа.
Лицата од двата пола да станат интегрален дел од дизајнот, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на политиките и на програмите на сите политички, економски и социјални сфери на локалното живеење.

- **Активности**

КЕМ и координаторот и заменик координаторот со вклучување на експерти и специјалисти од области за кои се предвидуваат активноститепланираат во текот на 2023 година да ги преземат следниве активности: организирање на обуки, информирање на граѓаните и промовирање преку електронските медиумите на сите активности што ќе се преземат.
Активностите ќе се реализираат Носители:Локалната самоуправа, координаторот и заменик координаторот, КЕМ во соработка со соодветни институции што работат на таа проблематика.
Општина Центар-Скопје треба да обезбеди средства за реализација на горенаведените активности и да ги предвиди во Буџетот на Општината за 2022 година.

**<u>Табела со цели, задачи и показатели</u>**
**<u>Цел I: Препознавање и превенција од насилство меѓу учениците-Bullying</u>**

| ПРОБЛЕМ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | ПОКАЗАТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| Насилство меѓу децата врсници. | Препознавање на децата жртви и децата насилници, како да им се пристапи, работа со децата за | КЕМ, во соработка со професионални стручни лица, ќе организира обуки за наставниците од ООУ. | Препознавање на насилството и стручно пристапување на проблемот. |

Средствата за реализација на оваа цел изнесуваат 20.000.00 денари.

- **Цел II: Анализа и промоција на женско претприемништво**

| ПРОБЛЕМ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | ПОКАЗАТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| Зголемен број на невработени поради пандемијата | Помош на обучени жени конкуренти на пазарот на трудот | Организирање на промоција на мали бизниси | Помагање на обучени лица во општината да си отворат сопствени бизниси |

Средствата за реализација на оваа цел изнесуваат 10.000.00 денари.

- **Цел III: Обука и состаноци со експерти за родова рамнправност на UN WOMEN**

| ПРОБЛЕМ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | ПОКАЗАТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| Годишните програми и извештаи немаат родова статистика | Секторите и советниците при изготвување на програмите и годишните извештаи да ги имаат родовите показатели | Организирање на обуки состаноци на интерсекторската комисија и советниците со експерти од UN WOMEN | Програми и годишни извештаи со родови статистики. |

Средствата за реализација на оваа цел изнесуваат 10.000.00 денари.

**Цел IV: Поддршка на згрижувачки семејства и на еднородителски семејства;**

| ПРОБЛЕМ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | ПОКАЗАТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| Потреба за подршка на згрижувачките семејства | Згрижувачки семејства и еднородителските семјства да добијат материјална подршка за децата | Да се обезбедат хигиенски средства и облека за децата | Помош за згрижувачките семејства и на еднородителските семејства |

Средствата за реализација на оваа цел изнесуваат 60.000.00 денари

Вкупниот буџет за Програмата и Акциониот план на КЕМ за 2023 година изнесува 100.000,00 денари и истиот ќе биде реализиран од Буџетот на Општина Центар-Скопје.

Број 08-454/8
31.1.2023 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАВАЧ
Виолета Велковска с.р.

Согласно Законот за општа управна постапка, член 84, Општина Центар ја врши следната објава

**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**Уп1 бр. 27-40 од 12.10.2022 год.**
**С К О П Ј Е**

До
**Каранфилов Томислав Ул.Дебарца бр.61, Скопје**
**Трпковска Сузана Ул.Дане Крапчев бр.11, Скопје**
**Трпковска Билјана Ул.Дане Крапчев бр.11, Скопје**
**Трпковски Драганчо Ул.Дане Крапчев бр.11, Скопје**
**Олгица Секуловска Ул.Киро Крстевски бр.25-5, Скопје**
**Лена Караџовска Ул.Симеон Кавракирков бр.4/2/21, Скопје**
**Игор Андреевски Ул.Смилевски Конгрес бр.2/8, Битола**

**ПРЕДМЕТ: Известување**

Градоначалникот на Општина Центар - Скопје постапувајќи по барањето на инвеститорите **Марија Андреевска** со живеалиште на бул.Јане Сандански бр.86/5/17 во Скопје, **Весна Бошнаковска** со живеалиште на ул.Партениј Зографски бр. 18 во Скопје, **Елена Трајковска Раткова** со живеалиште на ул.Партениј Зографски бр.18 во Скопје, **Томислав Кајсторовски** со живеалиште на ул.Дебарца бр.63 во Скопје и **Александер Инвестмент дооел Скопје** со седиште на ул.Орце Николов бр.98, поднесено во електронска форма преку информатичкиот систем е-одобрение за градење, под Уп1 бр.27-40 од 08.02.2022 година, за издавање на Одобрение за градење на објект од втора категорија, со намена А2 – домување во станбени згради, кој се наоѓа на на ул.„Дебарца“ бр.63, КП 10269/1, КО Центар 1, Скопје, ГП 13.1 од ДУП Градска четврт Дебар Маало 1 со Одлука бр.07-9816/4 од 21.21.2012 година, согласно законска регулатива за градење на тој вид градба **издаде Одобрение за градење со Уп1 бр.27-40 од 10.10.2022 година.**

**Напомена:** Странките имаат право на жалба во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје до Министерот кој раководи со органот на државната управа, надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Доколку не извршите увид и/или не поднесете жалба против издаденото Одобрение, во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје, Одобрението станува правосилно.

**Предупредување:** Согласно член 84 став 6 од Законот за општата управна постапка, овој начин на доставување се смета за уредна достава и за негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

Согласно член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на РМ" бр. 124/15), Општина Центар - Скопје ја врши следната објава

**До**
**Виолета Блажевска, Скопје**
**со живеалиште на ул. „Цицо Поповиќ“ Бр. 5, Скопје, 1000 Скопје**

**ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**
**Уп1 бр. 27-303 од 14.11.2022 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕДМЕТ: Известување**

Градоначалникот на Општина Центар - Скопје, решавајќи по барањето на инвеститорите **Зоран Милошевски**, со живеалиште на ул. Цицо Поповиќ бр. 5/2-9 од Скопје и **Тања Милошевска**, со живеалиште на ул. Цицо Поповиќ бр. 5/2-9 од Скопје, **Душко Кадиевски**, со живеалиште на Бул. Јане Сандански бр. 110/5/12 од Скопје, **Дана Цупиќ**, со живеалиште на ул. Цицо Поповиќ бр. 5/2-13 од Скопје **и Душанка Трајковска** со живеалиште на ул. Цицо Поповиќ бр. 5/2-13 од Скопје, поднесено од Александра Јовановска, управител на правното лице полномошник ДЕЛТА ИНВЕСТ ДОО Скопје со седиште на Бул. „Авној“ бр. 90-1/5, Скопје-Аеродром, во електронска форма преку информацискиот систем е-одобрение за градење под Уп1 бр. 27-303 од 05.07.2021 год. за **издавање на одобрение за доградба или надградба** на објект од втора категорија со намена А2 - Домување во станбени згради на ул. „Цицо Поповиќ“ бр. 5, Скопје, на КП 12971, КП 12965/1, КП 12968/1, КП 12968/5, КП 12968/6, КП 12972/2, односно, новоформирани КП 12971, КП 12965/3, КП 12968/9, КП 12968/5, КП 12968/10, и КП 12972/3, КО Центар 1 - општина ЦЕНТАР, согласно ГП 1.16 од ДУП: Детален Урбанистички План за градска четврт И06 – Пролет, донесен со Одлука бр. 08-5399/2 од 07.11.2019 година, о. Центар - Скопје, врз основа на член 58 став 2 и член 63 став 1, а во врска со член 59 од Законот за градење ("Сл. Весник на РМ" бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 18/2011, 36/2011, 49/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 129/2015, 129/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018 и „Сл. Весник на РСМ“ бр. 244/19, 18/20 и 279/20), а во врска со член 87 и член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. Весник на РМ" бр. 124/2015), издаде **Одобрение за градење со Уп1 бр. 27-303 од 14.11.2022 год**.

Согласно член 62-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 18/2011, 36/2011, 49/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 129/2015, 129/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018 и 168/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/2019, 18/2020 и 279/2020), Ве известуваме дека во рок од 15 дена од денот на приемот на ова известување можете да извршите увид во документацијата.

Увид во издаденото одобрение може да се изврши секој вторник и четврток од 9h - 11h, во просториите на Општина Центар, барака 3, ул. Михаил Цоков бр. 1 во Скопје.

Горното Ви се дава на знаење.

**Напомена:** Странките имаат право на жалба во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје до Министерот кој раководи со органот на државната управа, надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.
Доколку не извршите увид и/или не поднесете жалба против издаденото **Одобрение**, во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје, **Одобрението** станува правосилно.

**Предупредување:** Согласно член 84 став 6 од Законот за општата управна постапка, овој начин на доставување се смета за уредна достава и за негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
Бр. 33-ИП1-297/2016 од 06.12.2022 г.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 134 став 1 алинеа 1 и член 137 став 1 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 130/2009, број 124/2010, број 18/2011, број 36/2011, број 54/2011, број 13/2012, број 144/2012), овластениот градежен инспектор при Општината Центар, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**1. СЕ НАРЕДУВА НА ИНВЕСТИТОРОТ** НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР од Скопје **ВО РОК ОД 3(ТРИ) ДЕНА** по приемот на ова решение да ја **ОТСТРАНИ** градбата – **ДЕЛ ОД АБ ПЛОЧА со димензии 5.00x15.00м И 5 (ПЕТ) АБ СТОЛБОВИ НА КП 4289/1 КП 4289/3 КО ЦЕНТАР 1**, што е изградена **БЕЗ ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ** на ул."Самоилова" со бул.Никола Карев – Скопје.

2. Ако градбата не се отстрани во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување на градбата.
3. Трошоците за извршување на решението се надоместуваат од извршеникот.
4. Жалбата против ова решение не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

1. Овластениот градежен инспектор при Општината Центар, постапувајќи по службена должност при вршење на инспекциски надзор, изврши увид на лице место и констатира со Записник уп.бр. 33-ИП1-297/2016 од 06.12.2022 година, дека градителот НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР, **ИМА ИЗГРАДЕНО – ДЕЛ ОД АБ ПЛОЧА со димензии 5.00x15.00м И 5 (ПЕТ) АБ СТОЛБОВИ НА КП 4289/1 КП 4289/3 КО ЦЕНТАР 1**, на ул."Самоилова" со бул.Никола Карев – Скопје.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата што се гради без одобрение за градење согласно член 137 став 4 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 130 од 28.10.2009 год.), не го одлага извршувањето на решението.

Со оглед на тоа што при инспекцискиот надзор е утврдено дека градителот ја гради градбата без одобрение за градење согласно член 134 став 1 алинеа 1 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 130 од 28.10.2009 год.) се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА** Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапкаво рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.
Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР,**
**дипл. град.инж. Олга Влинтоска**

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ
Ип1 бр. 33-ИП1-297/2016 од 12.12.2022 г
С К О П Ј Е

Овластениот градежен инспектор во Општината Центар-Скопје, врз основа на член 142 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18, 244/19 и 18/20), донесе:

**З А К Л У Ч О К**
- за дозвола на извршување -

1. **СЕ УТВРДУВА** дека решението бр. ИП1 бр. 33-297/2016 од 06.12.2022 год. донесено од страна на овластениот градежниот инспектор во Општина Центар – Скопје, е **ИЗВРШНО** и се допушта неговото административно извршување.
2. **СЕ НАЛАГА** на извршеникот **ИНВЕСТИТОРОТ** НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР од Скопје, **ВО РОК ОД 3(три) ДЕНА** по приемот на овој Заклучок сам да ја **ОТСТРАНИ** градбата: **ДЕЛ ОД АБ ПЛОЧА со димензии 5.00x15.00м И 5 (ПЕТ) АБ СТОЛБОВИ НА КП 4289/1 КП 4289/3 КО ЦЕНТАР 1**, или го допушти неговото присилно административно извршување.
3. До колку извршеникот не постапи по овој Заклучок, извршувањето ќе се спроведе по присилен пат за сметка на извршеникот.
4. Жалбата изјавена против овој Заклучок не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Овластениот градежен инспектор во Општина Центар-Скопје, со решение ип.бр. ИП1 бр. 33-297/2016 од 06.12.2022 г., му наложи на градителот НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР од Скопје, да ја **ОТСТРАНИ** градбата – **ДЕЛ ОД АБ ПЛОЧА со димензии 5.00x15.00м И 5 (ПЕТ) АБ СТОЛБОВИ НА КП 4289/1 КП 4289/3 КО ЦЕНТАР 1**.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата, а чие извршување се допушта со овој Заклучок, согласно член 137 алинеа 4 од Законот за градење не го одлага извршувањето на решението.

Поради тоа во оваа управна работа првостепеното решение во смисла на одредбите на член 142 од Законот за градење станува извршно со доставување заклучок на странката на која се однесува решението.

Бидејќи споменатото решение станало извршно се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

**ПРАВНА ПОУКА** Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.
Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР,**
**дипл. град.инж. Олга Влинтоска**

Согласно член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на РМ" бр. 124/15), Општина Центар - Скопје ја врши следната објава

**До**
**Забијакин-Чатлевска Весна од Скопје, ул. „Шидска“ бр. 26/6-3, 1000 Скопје**
**Игор Вучиќ од Скопје, ул. „Дебарца“ бр. 29/1-3, 1000 Скопје**
**Мартин Вучиќ од Скопје, ул. „Дебарца“ бр. 29, 1000 Скопје**
**Коевски Илија од Скопје, Бул. „Партизански одреди“ бр. 7, 1000 Скопје**

**ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**
**Уп1 бр. 27-334 од 13.12.2022 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕДМЕТ: Известување**

Градоначалникот на Општина Центар - Скопје, решавајќи по барањето на инвеститорите **СТАТИК ГРУП ДОО СКОПЈЕ**, со седиште на ул. „Пиринска“ бр. 35, 1000 Скопје, **Елидија Коцева**, со живеалиште на Бул. „Јане Сандански“ бр. 12/5/12, 1000 Скопје, **Спира Младеновиќ**, со живеалиште на Бул. „Партизански Одреди“ бр. 5, 1000 Скопје, **и Тања Коцевска Зафирова**, со живеалиште на ул. „Владимир Полежиновски“ бр.1, 1000 Скопје, преку полномошник Бојан Тасев, управител на правното лице АТТИКА АРХИТЕКТИ ДОО Скопје со седиште на ул. „Рајко Жинзифов“ бр. 38/1-2, Скопје, поднесено во електронска форма преку информацискиот систем е-одобрение за градење под Уп1 бр. 27-334 од 27.07.2022 год. за издавање на **Одобрение за градење** на објект со намена А2 – Домување во станбени згради, на ул. „Владимир Полежиноски“ бр. 1, КП 10160, КО Центар 1 - општина ЦЕНТАР, г.п. 4.1 од ДУП: Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од локалитет „Буњаковец 1“, донесен со одлука бр. 07-3625/14 од 10.05.2012 година - општина ЦЕНТАР, Скопје, врз основа на член 58 став 2, а во врска со член 59 од Законот за градење ("Сл. Весник на РМ" бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 18/2011, 36/2011, 49/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 129/2015, 129/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018 и „Сл. Весник на РСМ“ бр. 244/19, 18/20 и 279/20), а во врска со член 87 и член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. Весник на РМ" бр. 124/2015), издаде **Одобрение за градење со Уп1 бр. 27-334 од 13.12.2022 год**.

Согласно член 62-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 18/2011, 36/2011, 49/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 129/2015, 129/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018 и 168/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/2019, 18/2020 и 279/2020), Ве известуваме дека во рок од 15 дена од денот на приемот на ова известување можете да извршите увид во документацијата.

Увид во издаденото одобрение може да се изврши секој вторник и четврток од 9h - 11h, во просториите на Општина Центар, барака 3, ул. Михаил Цоков бр. 1 во Скопје.

Горното Ви се дава на знаење.

**Напомена:** Странките имаат право на жалба во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје до Министерот кој раководи со органот на државната управа, надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Доколку не извршите увид и/или не поднесете жалба против издаденото **Одобрение**, во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје, **Одобрението** станува правосилно.

**Предупредување:** Согласно член 84 став 6 од Законот за општата управна постапка, овој начин на доставување се смета за уредна достава и за негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

Согласно член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на РМ" бр. 124/15), Општина Центар - Скопје ја врши следната објава

**До**

**Ставрев Никола Киро од Скопје, ул. „Борка Талески" бр. 1, 1000 Скопје**
**Влашки Емилија од Скопје, Бул. „К.Ј.Питу" бр. 26/2-16, 1000 Скопје**
**Јовановиќ Аџи Митреска Гордана од Скопје, ул. „243" бр. 12, 1000 Скопје**
**Влашки-Јекиќ Снежана од Скопје, ул. „В.Комаров" бр. 1/3-24, 1000 Скопје**
**Манушев Методија Васил од Скопје, ул. „Борка Талевски" бр. 5, 1000 Скопје**
**Манушев Методија Јован од Скопје, ул. „Борка Талевски" бр. 5, 1000 Скопје**

**ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**
**Уп1 бр. 27-242 од 16.12.2022 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕДМЕТ: Известување**

Градоначалникот на Општина Центар - Скопје, решавајќи по барањето на **Мери Пешевска**, со живеалиште на ул. „Борка Талевски" бр. 3, Скопје, Центар, **Виолета Кацарска**, со живеалиште на ул. „Борка Талевски" бр. 3, Скопје, Центар **и ДТГ Трго-инжењеринг ДООЕЛ увоз-извоз** Скопје со седиште на ул. „Бел Камен", бр-6 - локал 2 Скопје, Центар, поднесено од Крсте Петров, управител на проектантската куќа К2 АРХИТЕКТИ ДОО Скопје, во електронска форма преку информацискиот систем е-одобрение за градење под Уп1 бр. 27-242 од 13.05.2022 год. за **издавање на одобрение за градење** на објект од втора категорија со намена А2 – Домување во станбени згради на ул. „Борка Талевски" бр. 3, КП 11723, КО Центар 1 - општина ЦЕНТАР, на г.п. 8.5 од ДУП: Изменување и дополнување на Детален урбанистички План за дел од локалитет „Буњаковец 1", донесен со Одлука бр. 07-3625/14 од 10.05.2012 г. – о. Центар, Скопје, врз основа на член 58 став 2, а во врска со член 59 од Законот за градење ("Сл. Весник на РМ" бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 18/2011, 36/2011, 49/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 129/2015, 129/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018 и „Сл. Весник на РСМ" бр. 244/19, 18/20 и 279/20), а во врска со член 87 и член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. Весник на РМ" бр. 124/2015), издаде **Одобрение за градење со Уп1 бр. 27-242 од 16.12.2022 год**.

Согласно член 62-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 18/2011, 36/2011, 49/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 129/2015, 129/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018 и 168/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/2019, 18/2020 и 279/2020), Ве известуваме дека во рок од 15 дена од денот на приемот на ова известување можете да извршите увид во документацијата.

Увид во издаденото одобрение може да се изврши секој вторник и четврток од 9h - 11h, во просториите на Општина Центар, барака 3, ул. Михаил Цоков бр. 1 во Скопје.

Горното Ви се дава на знаење.

**Напомена:** Странките имаат право на жалба во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје до Министерот кој раководи со органот на државната управа, надлежен за вршење на работите од обласа на уредување на просторот.

Доколку не извршите увид и/или не поднесете жалба против издаденото **Одобрение**, во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје, **Одобрението** станува правосилно.

**Предупредување:** Согласно член 84 став 6 од Законот за општата управна постапка, овој начин на доставување се смета за уредна достава и за негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.